## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Триесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 декември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 18,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме по 36-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Хисен Џемаили, Хајрула Мисини, Маринела Тушева, Славица Грковска Лошкова, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Имер Селмани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на закон за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната, по скратена постапка - второ и трето читање**

Извештаите од Комсијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија ви се поделени.

Комисијата за труд и социјална политика како матично тело и Законодавно-правна комисија не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во име на пратеничката група на СДСМ е пријавена за збор госпоѓа Анастасова Станка.

Има збор госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за труд и социјална политика.

Денеска на оваа седница имаме Предлог на закон за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната, по скратена постапка.

Оваа одлука е донесена на седница на Влада на 09.12. 2008 година. Значи измената на овој закон веднаш по шест дена на другата седница на 16.12.2008 година пак се нуди нови изменувања на истиот закон и тоа во членот 9. Прашувам зошто? Зошто е првото донесување на закон по скратена постапка за да веднаш имаме нова измена. Другото прашање мое доколку намерата на Владата е навистина да ги изедначат инвалиднината на цивилните инвалиди од војната со првата група од воените инвалиди зошто се одложува за 2010 година стапувањето на сила на овој закон. Бидејќи имавме шанса денеска на Комисијата да расправаме во однос на овој закон и имавме време да ги вметнеме финансиските средства кои се потребни, а нешто е одвоено, но не доволно, зошто денеска не се предвидоа во Предлог Буџетот за 2009 година средства за овие цивилни инвалиди за да можат надокната да ја добиваат од 01.01.2009 година наместо одложување во 2010 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлог законот во целина.

Предлог законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 67 пратеници, воздржан нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен констатирам дека 36-тата седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

За утре има нова закажана седница во 11,00 часот. Благодарам.

(Седницата заврши со работа во 18,25 часот)